**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Оддел за заштита на правата на детето и лица со попреченост**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА МОНИТОРИНГ НА
## состојбата со остварувањето на правото на образование за децата упатени во Воспитно-поправниот дом Тетово во учебната 2025/2026 година

**Скопје, август 2026**

***1.Вовед***

Народниот правобранител, согласно членовите 2 и 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/03, 114/09, 118/16, 189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост преку посебниот Оддел за заштита на правата на децата и на лицата со попреченост. Во рамките на овој оддел дејствува Тимот за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост (КПЛП). Согласно членот 29 од истиот закон, Народниот правобранител, во рамките на својата надлежност, ги следи состојбите во однос на обезбедувањето почитување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и почитување на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и со вршење посети и увиди во органите од членот 2 на овој закон.

Народниот правобранител преку посебниот оддел за заштита на правата на децата и лицата со попреченост во соработка со Македонското здружение на млади правници – МЗМП Скопје, кои го спроведуваат проектот „Младите правници за поприлагоден систем за правда за деца“, финансиран од Европската Унија, изминатиов период го следеше остварувањето на уставно загарантираното право на образование на децата упатени во Воспитно-поправниот дом Тетово - Волковија.

Во изминатите години, Народниот правобранител во повеќе свои извештаи и информации испратени до Владата, реагираше на повредата на правото на децата на образование преку пропуштање да се организира образовниот процес во воспитно-поправната установа.  Имено, постапувајќи по сопствена иницијатива, Народниот правобранител, во континуитет, од учебната 2022/23 година бараше од министерот за образование и наука, директорот на Управата за извршување на санкциите и Владата на С. Македонија без одлагање да преземат мерки и, во соработка со локалната самоуправа, да го разгледаат ова прашање на итна и заедничка средба заради воспоставување формален образовен процес и негов континуитет за штитениците во ВПД „Волковија“. Народниот правобранител укажа дека ненавременото обновување договори на наставен кадар не смее да биде пречка за остварување на правото на образование на децата во оваа воспитно-поправна установа, ниту законското право на формално образование (задолжително и бесплатно) да биде заменето со програма за ниво на образование.

Во судска постапка за утврдување постоење на дискриминација и повреда на правото на образование поради неспроведување на образовниот процес во ВПД Тетово, иницирана од страна на Европскиот центар за права на Ромите, која е конечно завршена во мај 2024 година, утврдено е дека во Воспитно-поправниот дом Тетово, во периодот од 14..2015 година до 4.3.2020 година, не било

обезбедено формално основно и средно образование за децата сместени во установата, иако тоа претставува законска обврска. Судот оцени дека долготрајното неизвршување на обврската за организирање формално образование, како и непостоењето на ефективни мерки за надминување на состојбата, довело до повреда на правото на еднаков пристап до образование и претставува индиректна дискриминација на сите штитеници, при што е утврден несразмерно негативен ефект врз децата припадници на ромската етничка заедница. Притоа, судот нагласува дека формално неутралните пропусти и институционалната неактивност, кога траат подолг временски период и резултираат со фактичко исклучување од системот на формално образование, не можат да се оправдаат со постоење алтернативни или неформални образовни активности.

Извештаите на Народниот правобранител се цитирани и во судската пресуда со која се утврдува повреда на правото на образование.

Изминатиов период во фокус на Народниот правобранител беше остварувањето на правото на образование во Воспитно-поправниот дом Тетово - Волковија, поради долгогодишното отсуство на формално образование во оваа институција, за чие надминување во 2025 година имаше измени во Законот за основното образование.

## *2. Правна рамка*

Децата сместени во воспитно-поправни и казнено-поправни установи имаат јасно утврдено право на **основно образование** под еднакви услови[1]. За првпат ова право не останува само декларативно, туку се поврзува со конкретна институционална поставеност: образованието го реализира државното основно училиште „Антон Семјонович Макаренко“ - Скопје[2] определено како специјализирано училиште за образование на деца и возрасни во овие установи. За децата во воспитно-поправни установи наставата се спроведува според посебен наставен план, додека за децата во казнено-поправни установи се применува планот за основно образование за возрасни. Образованието мора да се изведува на мајчин јазик на ученикот[3], што претставува важен аспект за почитување на индивидуалниот културен идентитет.

Кога дете е на возраст под 16 години и нема посетувано училиште, училиштето има обврска да спроведе проверка на неговото претходно знаење, преку тестови и усни проверки утврдени од Бирото. Врз основа на резултатите, се издава потврда за запишување во соодветно одделение. Ако детето веќе има

[1] Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 15 ст.1

[2] Закон за основното образование, член 51 ст.1

[3] Член 15

сведителство, запишувањето се врши врз основа на последното завршено одделение[4]. Доколку не е можно да се формира класична паралелка, што е честа ситуација во вакви установи поради малиот број ученици, законот дозволува организирање индивидуална или групна воспитно-образовна работа[5]. Тоа го прави образовниот процес пофлексибилен, но и бара посветеност од училиштето за приспособување на наставата на реалните услови. Целиот процес е под надлежност на Министерството за образование, кое на предлог од Бирото го утврдува начинот на избор на училиште и организирање на наставата.[6]

Согласно **Правилникот за начин на избор на основно училиште, побллиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и во домашни услови[7],** организирањето на основното образование во казнено-поправните и воспитно-поправните установи се спроведува врз основа на барање и доставени податоци од страна на Министерството за правда – Управа за извршување санкции. Учениците што немаат завршено основно образование се запишуваат во одделение соодветно на нивното претходно образование, што се потврдува со сведителство, додека во случај на недостаток на сведителство, се врши проверка на знаење со тестирање, согласно Законот за основното образование, заради соодветно вклучување во образовниот процес. Наставата се реализира по наставен план и програми за образование на возрасни, а ја спроведува основно училиште што има верификација од Министерството за образование. Ако не може да се формира паралелка, наставата се организира индивидуално или групно, што овозможува приспособување кон реалните капацитети на установата.[8]

Во воспитно-поправните установи, пак, образованието се организира како дел од општиот систем на образование и воспитување, повторно врз основа на доставени податоци од Министерството за правда. И во овој контекст се применуваат истите постапки за запишување, потврдување на претходно образование и проверка на знаења, со тоа што штитениците што не поседуваат сведителство се вклучуваат во програма за основно образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи, при што образовниот процес најчесто започнува од шесто одделение.[9] На овој начин, се обезбедува правна и педагошка рамка за континуитет во образованието, дури и во рестриктивни услови на извршување санкција.

---

[4] Член 15-а
[5] Член 53 ст.13
[6] Член 15 ст.11
[7] Правилникот е донесен на ден 30.06.2025 година (извор: https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici)
[8] Член 7 од Правилникот
[9] Член 8

Што се однесува до правото на **средно образование,** истото се уредува со Законот за средното образование.[10] Со измените од април 2025 година[11], Средното образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, во согласност со законот. Средно образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи реализира регионален центар за стручно образование и обука.[12] Вонредните ученици спрема кои се изречени санкции и се упатени на извршување на санкциите во воспитно-поправните и казнено-поправните установи се ослободени од плаќање на трошоците за стекнување средно образование.[13]

Согласно **Правилникот за начинот на избор на средно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови**[14], средното образование во воспитно-поправните и казнено-поправните установи се реализира првенствено како стручно образование,[15] но учениците можат да се запишат и во гимназиско или уметничко образование.[16] Сите ученици се со статус на вонредни ученици[17], а образовниот процес го спроведува регионалниот центар за стручно образование и обука (во понатамошниот текст: РЦСОО),[18] по можност од регионот во кој се наоѓа самата установа. Изборот на квалификација зависи од материјално-техничките услови, како што се опремените работилници, и се прави во соработка со кариерниот советник и координаторот за практична настава.[19]

Консултативната настава може да се реализира во установата, доколку постојат кадар и ресурси,[20] или преку дигитални образовни алатки и достава на материјали, со повратна комуникација. РЦСОО е одговорен за обезбедување наставен кадар, програми, менторирање, оценување и водење педагошка евиденција.[21] Практичната настава ја изведува кадар од установата со соодветна стручна подготовка, а доколку таков кадар нема, таа се организира во соработка со РЦСОО.[22] Наставата се спроведува на мајчин јазик на ученикот[23] и може да

---

[10] Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25 и 132/25)

[11] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 78/25)

[12] Закон за средно образование (пречистен текст), член 4-а ст. 2 и 6

[13] Член 40 ст.10

[14] Правилникот е усвоен на 4.9.2025 година (извор: https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici)

[15] Член 8 ст.1 од Правилникот

[16] Член 9 ст. 1 и 2

[17] Член 8 ст.1

[18] Член 8 ст.2

[19] Член 8 ст.3

[20] Член 10 ст. 1

[21] Член 10

[22] Член 11 ст.1 и 2

[23] Член 14

биде индивидуална или во паралелки, во зависност од бројот на ученици и можностите на установата[24]. Учениците се запишуваат во соодветна година врз основа на завршено образование, што се потврдува со свидетелство[25].

Дополнително, учениците може да бидат вклучени и во неформално образование, како што се курсеви, работилници и други обуки кои се реализираат од РЦСОО или од акредитирани даватели на услуги. Стекнатите вештини може да се валидираат според посебна постапка. Иако, во принцип, обуките се на трошок на ученикот, постои можност тие да бидат покриени од донатори или преку грантови.[26] Средното образование, вклучително и практичната и неформалната компонента, е ослободено од плаќање за сите ученици што се упатени на извршување санкција, до завршување на нивото на образование според Македонската рамка на квалификации[27].

### *3/ Постапување на Народниот правобранител (Мониторирање на остварувањето на правото на образование во ВПД Тетово - Волковија)*

Во вгуст 2025 година, Народниот правобранител ја извести Установата ВПД Тетово - Волковија дека има отворено предмет по сопствена иницијатива заради согледување на моменталната состојба со остварување на правото на образование на децата сместени во ВПД Тетово - Волковија и побара да биде известен за подготовките за спроведување на образовниот процес на децата во установата и подготвеноста на установата да ја започне учебната година на 1.9.2025 година.

Народниот правобранител констатира дека измените со кои се доуредува процесот на образование во воспитно-поправни и казнено-поправни установи се регулирани на почетокот на првото и второто тромесечје од 2025 година Измените во законот за основното образование се донесени на 3.1.2025 година, додека измените во Законот за средното образование се донесени на 11.4.2025 година.

На 30.6.2025 година, од страна на Министерството за образование и наука, е усвоен Правилникот за начин на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и во домашни услови.

Од страна на Управата за извршување санкции, на 27.8.2025 година е доставено барање за произнесување до воспитно-поправната установа ВПД Тетово - Волковија и казнено-поправниот дом Идризово, каде што во тој момент беше сместено едно девојче за кое е изречено мерка Сместување во воспитно-

[24] Член 15
[25] Член 13
[26] Член 17
[27] Член 16

поправна установа, во однос на тоа дали во установите има услови за реализирање образование преку далечинска настава, на што Установата даде потврден одговор.

Врз основа на телефонски разговор со Раководителот на сектор за реализација при ВПД Тетово - Волковија, спроведен на 1.9.2025 година, добиена е информација дека и покрај најавите за навремено отпочнување на образованието и подготвеноста на установата, **училишна настава не започнала на 1 септември.**

На 5.9.2025 година, Народниот правобранител изврши посета на Воспитно-поправен дом Тетово. При посетата е утврдено дека од вкупно 28[28] деца во установата, 18 треба да се вклучат во образовниот процес, и тоа: 11 деца без образование, вкупно 4 деца со завршено соодветно прво, второ, трето и четврто одделение и 3 деца со завршено шесто одделение. Вкупно 10 деца треба да се вклучат во средно образование. Децата се претежно ориентирани во угостителско-туристичка струка, машинска струка и медицинско училиште.

**Табела 1: Деца сместени во ВПД Тетово- Волковија по етничка припадност**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Друго** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на деца** | 7 | 4 | 3 | 16 | / |

**Табела 2: Деца што треба да се вклучат во образовен процес**

| | **Без образование** | **До завршено трето одделение** | **До завршено шесто одделение** | **Започнува или е во тек на средно образование** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на деца** | 11 | 4 | 3 | 10[29] |

При увидот се констатира дека установата располага со две пространи училници, со природна светлина, опремени со училишни клупи, табли, лаптопи и телевизор. Обезбедени се технички услови и за следење настава од далечина. Од раководниот кадар се добиени сознанија дека установата обезбедила училиштен прибор за сите деца/штитеници: тетратки за пишување, моливи, пенкала, боички, фломастери и друг неопходен прибор.

Што се однесува до бројот и видот на наставниот кадар, како и наставните програми и наставните материјали, управата на установата информираше дека

[28] Согласно добиените решенија за упатување, во установата треба да се сместени 30 деца, но во моментот на посетата, едно дете е во бегство, а на едно дете за време на траењето на воспитната мерка му била изречена казна затвор за деца и се наоѓа во КПУ Охрид.

[29] Едно е во бегство

немаат добиено никакво известување, насоки и упатства од страна на надлежните органи за спроведување на образованието.

Беше остварен разговор со деца/штитеници од домот, кои изјавија дека се задоволни од сместувањето, исхраната, односот на воспитувачите и припадниците на затворската полиција кон нив, а во врска со образованието изјавија дека **сакаат да го продолжат образованието што поскоро.** Се пожалија на отежната комуникација со старателите назначени по службена должност. Како што наведоа, старателите речиси и да не остваруваат комуникација, ниту посета и разговор со децата. Инаку, од вработениот раководен кадар во домот **добиени се информации дека недостасува воспитен кадар (воспитувачи).**

На 18.9.2025 година, Народниот правобранител испрати допис – Укажување за начинот на отстранување на констатираните повреди до Министерството за образование и наука, во кое, повикувајќи се на претходните укажувања, констатациите и препораките содржани во Годишниот извештај за 2024 година, како и на континуираното следење на состојбата, укажа дека и покрај законските измени за воведување формално образование од учебната 2025/2026 година, образовниот процес во ВПД Тетово - Волковија сè уште не е започнат, со што постои ризик од повреда на правото на образование на децата, и побара итно преземање мерки.

Министерството за образование и наука го извести Народниот правобранител дека, согласно измените на Законот за основното образование, Основното училиште за образование на возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ – Скопје продолжува со работа како државно основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи, од денот на стапувањето во сила на законските измени. Во таа насока, по донесувањето на Наставниот план за основно образование во воспитно-поправните домови со Решение бр. 12-9821/4 од 16.7.2025 година и изготвувањето на соодветни наставни програми од страна на Бирото за развој на образованието, **од 1.10.2025 година е отпочната реализација на наставата во ВПД Тетово - Волковија,** преку хибриден модел (со физичко присуство и онлајн-настава), со ангажирање наставници од ДОУВДВПУ „Антон Семјонович Макаренко“ – Скопје, при што, согласно податоците од Управата за извршување на санкциите, со настава се опфатени сите ученици/штитеници во основното образование.

Наставата во ВПД Тетово - Волковија започна на 1.10.2025 година. На 9.10.2025 година, девојчето сместено во КПУ Идризово беше префрлено во ВПД Тетово – Волковија, каде што продолжи да се спроведува мерката, и веднаш беше вклучено во процесот на образование.

Согласно известувањето доставено од Воспитно-поправниот дом Тетово од 24.11.2025 година, се потврдува дека од 1.10.2025 година започна реализација на образовниот процес за децата сместени во установата. Притоа, основното образование се реализира преку Државното основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи „Антон Семјонович Макаренко“ – Скопје, преку комбиниран модел, односно со физичко присуство и настава од далечина, при што со основно образование се опфатени 18 деца.

Средното образование се спроведува одделно, преку испитни сесии и консултативна настава за ученици запишани како вонредни ученици во РЦСОО „Моша Пијаде“ - Тетово, почнувајќи од 27.10.2025 година, при што на првата испитна сесија биле пријавени и успешно полагале 5 ученици.

**Наставниот процес за двете нивоа на образование се реализира континуирано, со обезбеден наставен кадар, наставни програми, менторирање и оценување, во согласност со важечката правна рамка.**

Во текот на првото полугодие, наставата за основно образование ја спроведуваше тим од 8 лица со долгогодишно искуство во работа во училиште. Истата се спроведуваше три пати со физичко присуство, а два пати со онлајн-настава, при што од страна на наставниот кадар се подготвуваа сите материјали за спроведување на онлајн-наставата (информации на табла, ливчиња за работа и слично) по завршување на наставата со физичко присуство, а ден пред спроведување на онлајн-наставата.

Онлајн наставата се спроведуваше преку платформата ЗУМ, а покрај традиционалните материјали, се користеа и материјалите од е-училница. Наставата се одвиваше секој ден од 9 до 11 часот.

Комуникацијата со персоналот од ВПД Тетово била на високо ниво и спроведувањето на наставата се одвивала согласно планираното.

Во второто полугодие, наставата продолжи да се одвива според однапред утврдената динамика и без какви било прекини и пречки. Сите штитеници присутни во установата беа вклучени во образовниот процес, кој се одвиваше на истиот начин како и во првото полугодие.

Учебната година заврши согласно наставниот план и програма, а учениците беа оценувани во текот на целата учебна година.

Од страна на тимот на училиштето „Антон Семјонович Макаренко“, кој ја спроведуваше наставата, е изразено задоволство од интересот, вклученоста и напредокот на сите штитеници во однос на совладувањето на материјалот. Тие истакнаа дека наставната програма во најголем дел била реализирана и приспособена на потребите и на почетното ниво на учениците, а кај нив бил забележан значителен напредок во знаењето, читањето и пишувањето, но и во однесувањето. Наставниците особено ги истакнаа заинтересираноста и трудот на децата, кои редовно ги извршувале задачите и покажале поголема мотивираност

од првично очекуваната. Соработката со управата и воспитувачите е оценета како одлична, додека како главни предизвици се издвојуваат ограничениот наставен кадар, патувањето до установата и потребата од дополнителна финансиска поддршка за одржливо спроведување на наставата.

Од страна на воспитувачите од ВПД Тетово, пак, беше изразено задоволство од начинот на кој се реализирал образовниот процес и од соработката со училиштето и наставниот кадар. Особено се истакнува позитивниот однос на децата кон наставата, нивното редовно присуство и зголемената мотивација по добивањето свидетелства и признанието за постигнатиот успех. Според соговорниците, ефектите од наставата се забележуваат и во секојдневното однесување на децата, кои станале посоработливи и покажуваат подобра концентрација, внимание и почитување на правилата. Како практични предизвици беа посочени слабата интернет-врска и потребата од поголем обем на настава со физичко присуство, а како важно нерешено прашање останува обезбедувањето континуитет на образованието по напуштањето на установата.

Сите штитеници присутни во установата и вклучени во процесот на основно образование успешно ја завршија учебната година, а еден од штитениците остварил успех од 5,00. Тројца штитеници го завршиле основното образование надвор од установата - еден ученик во подрачното одделение во општината од која доаѓа, а по завршувањето на мерката, и двајца ученици, кои во текот на годината беа префрлени во КПУ, успешно ја завршиле годината во новите услови.

**Заклучоци и препораки:**

**1.** Наставниот процес во текот на учебната 2025/26 година се реализира континуирано и согласно предвидената динамика, а учебната година беше успешно завршена. Сепак, и покрај навремено почнатите подготовки за следната учебна година, ВПУ Тетово и училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ сè уште немаат доволно информации за начинот на кој ќе биде организирана наставата и за наставниот кадар што ќе биде ангажиран. Неизвесноста во однос на навременото обезбедување наставен кадар претставува ризик за континуитетот и одржливоста на воспоставениот образовен процес.

**Препорака:**

Министерството за образование и наука, во соработка со надлежните институции, навремено пред почетокот на секоја учебна година, да обезбеди одржливо кадровско решение и потребни финансиски средства за реализација на наставата во ВПД Тетово. Кадровското решение треба да овозможи постојан наставен тим, како и покривање на трошоците за патување и сместување на наставниците, кога тоа е потребно.

Оваа година, наставната програма се одвива на македонски јазик, додека наставата на мајчин албански јазик ја посетува една штитеничка. Имајќи ги предвид законските одредби од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука треба да обезбеди соодветен кадар и материјали, како и, самостојно или во соработка со други институции, опремување на простории со сите неопходни средства заради остварување на правото на ученикот да добие основно образование на мајчин јазик.

**2.** Хибридниот модел на настава, со три дена настава со физичко присуство и два дена онлајн-настава, во текот на учебната година се покажа како функционален и овозможи непречено реализирање на наставниот процес. Сепак, неговото спроведување во значителна мера зависи од техничките услови во установата. Слабата интернет-врска во повеќе наврати создавала тешкотии при одржувањето на онлајн-наставата, при што проблемот се надминувал со користење приватни мобилни телефони и интернет на вработените.

**Препорака:**
Од страна на Министерството за образование и наука и Управата за извршување санкции да се обезбеди стабилна и соодветна интернет-врска во ВПД-Тетово, која ќе овозможи непречено спроведување на онлајн-наставата. Истовремено, имајќи ги предвид искуствата од првата година, да се разгледа можноста за зголемување на бројот на часови со физичко присуство на наставниците, особено за учениците-почетници и во случаите кога непосредната работа со наставник е потребна за полесно совладување на материјалот.

**3**. Наставниците од училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ и вработените во ВПД Тетово истакнаа дека учениците покажале висок степен на заинтересираност и мотивираност за учество во образовниот процес. Сите деца присутни во ВПД Тетово редовно ја посетувале наставата, не одбивале учество и покажале напредок во совладувањето на наставниот материјал. Особено позитивно влијание врз нивната мотивација имало формалното вреднување на постигнатиот успех и добивањето свидетелства.

**Препорака:**
ВПД Тетово и училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ да го задржат воспоставениот пристап на континуирано вклучување, оценување и формално признавање на постигнатиот успех на учениците. Министерството за образование и наука да продолжи со обезбедување на потребните учебници, но и на лектирни изданија и други наставни материјали за понатамошно поттикнување на образовниот напредок на децата.

**4.** Покрај напредокот во совладувањето на наставниот материјал, воспитувачите од ВПД Тетово и образовниот кадар од училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ кај децата забележуваат позитивни промени во однесувањето, почитувањето на правилата, соработката со вработените и другите лица, како и во концентрацијата и вниманието. Овие резултати укажуваат дека редовното вклучување во образованието е од големо значење за процесот на ресоцијализација на децата.

**Препорака:**
При понатамошното следење на образовниот процес, од страна на ВПД Тетово и училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ да се воспостави систем за следење на пошироките ефекти од образованието врз однесувањето, мотивацијата и ресоцијализацијата на децата, покрај постојното следење на редовност, оцени и совладување на материјалот.

**5.** Иако се обезбедени соодветни услови за реализација на најголемиот дел од наставната програма, ВПД Тетово не располага со затворена спортска сала во која во текот на зимските месеци би можела целосно да се реализира наставата по физичко и здравствено образование. Постојниот простор со справи за вежбање не овозможува реализација на сите содржини и спортови предвидени со наставната програма. Недостигот од спортска сала е идентификуван како слабост и од наставниот кадар.

**Препорака:**
Министерството за образование и наука и Управата за извршување санкции да преземат мерки за обезбедување соодветни просторни услови за целосно спроведување на наставната програма по физичко и здравствено образование, вклучително и можност за користење функционална затворена спортска сала во текот на зимските месеци. Да се разгледа можноста и за вклучување зајакнати спортски активности преку помош и поддршка од страна на Министерството за спорт.

**6.** Позитивен резултат од воспоставениот образовен процес е тоа што образованието не било прекинато и кај дел од децата што во текот на годината ја напуштиле установата: Од страна на ВПД Тетово и наставниот кадар на училиштето „Антон Семјонович Макаренко“ беше дадена потврда дека две деца го завршиле основното образование по преместување во казнено-поправна установа, а едно по завршување на мерката и враќање во заедницата. Сепак, не постои воспоставен системски механизам за следење и обезбедување на продолжувањето на образованието на секое дете по напуштањето на ВПД Тетово.

**Препорака:**

Да се воспостави мултисекторска соработка помеѓу ВПД Тетово, училиштето „Антон Семјонович Макаренко“, Министерството за образование и наука и центрите за социјални работи, која ќе овозможи креирање и следење на јасен механизам за навремено планирање, размена на информации и следење на продолжувањето на образованието на децата по напуштањето на ВПД Тетово, без оглед дали детето се враќа во заедницата или се преместува во друга установа, со цел да се спречи прекин на започнатиот образовен процес.